РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2218/4
19-09-2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава, на 22-та седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице -------- поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2218/1 од 02.04.2019 година.

Предметот со број 09-2218/1 од 02.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2218/1 од 02.04.2019 година е оформен по пријава против службеното лице -------- каде што е констатирано дека покрај функцијата извршител, во исто време е член на Одбор на доверители на ---------, во стечај.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето --------- побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на лицето ----------, Државната комисија на ден 25.06.2019 година е известена дека истото лице доставило изјава пред Нотар со неотповиклива оставка од член на Одбор на доверители на ---------, до Основен суд Скопје 2 каде се води стечајна постапка по конкретен предмет и до стечајниот управител од 20.06.2019 година.

На седницата одржана на ден 17 септември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице постапило по барањето на Државната комисија и во законски предвидениот рок ја отстранило состојбата на судирот на интереси со навремено доставување на неотповиклива оставка.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 09- 2218/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk